# ПРОФИЛИРАЊЕ НА НИСКА КОРУПЦИЈА: ИМА ЛИ ОПРЕДЕЛЕНА ГРУПА КОЈА Е НАЈРАНЛИВА НА КОРУПЦИЈА?

Автор: Миша Поповиќ

**март, 2020**

Овој документ е подготвен од страна на Платформата на граѓански организации за борба против корупција со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Мислењата изразени во овој извештај им припаѓаат на авторите и не ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој или на Владата на Соединетите Американски Држави.

# Содржина

Вовед ............................................................ 3

Групирање по вредности и доверба ............................................................ 4

Групирање според економски и социјални ресурси ............................................................ 8

Заклучок ............................................................ 13

# Вовед

Корупцијата во Република Северна Македонија е широко распространет феномен. Покрај корупцијата на високо ниво, граѓаните неретко се изложени на корупција во услови кога треба да добијат определена јавна услуга. Така, при обид да се добие определена услуга, на граѓаните им се бара подарок, противуслуга или мито. Тоа им се случува во повеќе јавни институции како општина, болници, министерства, полиција други области на јавниот сектор.

Во истражувањата и активизмот против корупцијата, сепак потребно е да знаеме дали постои определена група на граѓани која е повеќе изложена на корупција. Најпрво, треба да истражиме дали граѓаните со определени вредносни ориентации се поблиску до тоа да бидат предмет на корупција. Тоа ќе ни помогне да увидиме дали граѓаните го прилагодуваат својот светоглед врз база на нивната изложеност на корупцијата.

Втората димензија која треба да ја истражиме е дали постои определена социо-економска група која е повеќе изложена на корупцијата. Тоа ни дава можност да увидиме каков е односот на притисокот од корупција со економскиот и социјален капитал со кој граѓаните располагаат.

За таа цел, овој бриф ги анализира податоците од истражувањето на јавно мислење со национален репрезентативен примерок од 1000 испитаници, спроведено во јануари 2019 година.[1] За анализата се користат две методи.

Првата метода е мултиваријантна анализа на кореспонденции која обезбедува истовремена анализа на релациите на повеќе квалитативни променливи. Резултатот на анализата е графичко, односно просторно подредување на различни одговори на повеќе променливи според честотата на истоветно одговарање. Поедноставено кажано, доколку сите испитаници на две прашања одговарале исто, тоа значи дека тие два одговори ќе бидат една точка на координатниот систем. Втората метода е хиерархиска кластер анализа, која ни обезбедува групирање на испитаниците според одговорите кои ги дале.

Методолошка назнака: Одговорите на сите презентирани променливи се поделени на четири еднакви групи, освен онаму каде е наведено поинаку. Одлуката за поделба во четири еднакви

[1] Истражувањето е спроведено од Брима, за потребите на Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата.

групи произлегува од потребата да се истражи локалниот контекст, без амбиција анализата некому да послужи во компаративна анализа со други земји. Имено, резултатите особено од истражување на вредности како толеранција кон кршење на закон нормално е дека нема да бидат подеднакво распределени низ сите стапки од скала 1 до 10 ниту пак ќе гравитираат на теоретскиот просек – пет. Тоа значи дека поделба од 1-5 и од 6-10 на две групи ќе значи големи разлики во големината на групите. Додека таквата поделба јасно би покажала разлики помеѓу оние што толерираат и оние што не толерираат корупција (на ниво на апсолутна вредност), се губат разликите во рамки на големата група а токму во нив може да се клучните наоди. Нам како истражувачи токму тие разлики, во контекст на корупцијата не интересираат, односно каква е врската помеѓу изложеноста на корупција и испитаник што воопшто не толерира корупција (на пример одговорил со 10) и оној за кој исто така можеме да кажеме дека не толерира корупција, но е многу порезервиран (и одговорил 7).

# Групирање по вредности и доверба

Во првата фаза на анализата, се анализира односнот помеѓу вредностите на испитаниците, нивната доверба и степенот на перцепции и препознавање на корупцијата и неформалното однесување.[2]

Вредностите произлегуваат од одговори на прашања поврзани со преферирање обичаи пред закон, конформизам, и релативизирање на обврска да се следат законите. Истовремено, во анализата вклучуваме и променливи поврзани со доверба помеѓу луѓето и доверба во институциите. Овие фактори влијаат на однесувањето на испитаниците кон институциите но истовремено и ни кажуваат за искуството со нив и перцепцијата колку тие се фер. На сличен начин, довербата кон другите луѓе ни кажува за спремноста на испитаниците да се здружат за остварување на одредена цел, а една таква цел може да биде и борбата против корупцијата. За крај, во анализата се вклучени и променливи поврзани со степенот на препознавање на различни форми на корупцијата како и перцепцијата колку таа, заедно со неформалните пракси се раширени во општеството.

[2] Под неформално однесување се подразбираат праски кои се во сивата зона помеѓу легалното однесување и забранетото. Типично неформално однесување претставува фаќањето врски како начин на завршување на работа. Корупцијата честопати е подмножество на неформалното однесување.

Целта на вклучување на овие променливи е да се изгради т.н простор на вредности и перцепции во кој ќе се увидат различните групи на луѓе зависно од нивните одговори. На тој начин, во просторот можеме да проектираме каде се наоѓа изложеноста на корупција и дали тој може да се асоцира со определена група.

**График 1 Простор на вредности и перцепции поврзани со корупцијата**




По направената анализа, може да се увиди дека се издвојуваат четири групи. Во долниот лев квадрант се издвојуваат испитаници кои најтешко препознаваат форми на корупција и истовремено најмалку перцепираат дека таа е раширена. За нив можеме да кажеме дека имаат „розеви очила“ во нивниот однос кон корупцијата. Оваа група претставува 24% од примерокот, значи скоро една четвртина од испитаниците.

Во горниот лев квадрант се т.н „оптимисти“ кои се разликуваат од претходната група преку изразената доверба во луѓето и институциите и нешто подобрено препознавање и перцепции за

распространетост на корупцијата. Тие претставуваат 39% од примерокот и се најголемата група на испитаници.

Во горниот десен квадрант на графикот се луѓе кои ги карактеризира недовербата кон луѓето, меѓутоа не се разликуваат од другите групи според степенот на препознавење и толеранција кон корупцијата. Оваа група е најмалата од сите четири, и изнесува 9% од примерокот.

Во долниот десен квадрант се наоѓаат испитаници кои се толерантни кон неформалното однесување, ја препознаваат корупцијата и најмногу ја перцепираат нејзината распространетост. Тие изнесуваат 27% од примерокот.

Доколку во овој простор се проектира каде се наоѓа тежиштето на оние испитаници кои биле изложени на корупција, ќе видиме дека тој е помеѓу третата и четвртата група, односно помеѓу недоверливите и перцептивни но толерантни индивидуи. Меѓутоа, истовремено е видливо дека корупцијата не се наоѓа изрично во полето на определена група на испитаници.

Доколку се нацрта обемот на зафаќање на овие четири групи, се забележува пресек. Тоа значи дека овие четири групи не се идеално разделени, и не можеме да ги водиме како целосно издвоени групи, туку дека некои од вредностите и перцепциите се споделени низ овие групи. Тоа што е забележливо е дека недоверливите најмногу се измешани со карактеристиките на другите групи, што е очекувано, бидејќи недовербата кон луѓето и институциите е пошироко распространета појава во земјата.

**График 2 Групирање споед кластер анализа**




Меѓутоа, тоа што е исклучително важно да се покаже е обемот на испитаници зафатени од корупција. На графикот, обемот е прикажан со црвена елипсовидна површина. Таа е границата каде се наоѓаат најголемиот број на испитаници кои кажале дека во нивниот контакт со институции им било побарано или покажано дека се очекува подарок, мито или противуслуга. Но важно е да се каже дека не сите испитаници кои се наоѓаат во овој простор се изложени на корупција. Сепак, веднаш е видливо дека не постои ниту една група од овие четири опишани која не е зафатена со корупција.

# Групирање според економски и социјални ресурси

Но, клучното прашање кое се поставува е каква е релацијата помеѓу граѓаните кои се изложени на корупцијата и нивното располагање со економски и социјални ресурси. Корупцијата на ниско ниво, какво што се мери во ова истражување, главно се остварува низ два механизми. Првиот начин на кој корупцијата може делува е преку експлоатирање на економската позиција. Притоа, граѓанинот на кој му се бара мито не е неопхдоно да биде припадник на побогата група. Ова е така бидејќи и социјалната мрежа со која граѓанинот располага може да се трансформира во пари. Тоа е впрочем и вториот начин на делување на корупцијата, преку т.н. „врски“. Тоа е состојба во која на граѓаните им се бараат противуслуги во рамки на определена мрежа на влијание. Тие мрежи може да се непосредни, како на пример семејни или пријателски мрежи на познанства преку кои граѓаните можат да влијаат корумпираниот службеник да им ја обезбеди услугата за која бара некаков материјален, или во случајов нематеријален, надомест. Во мрежата на познанства, со давањето на услуга преку „врски“, службеникот го зголемува своето влијание како брокер, кој во иднина тоа влијание може да го претвори во пари.

На следниот график се проектирани испитаниците според нивното располагање со овие два ресурса. Се користат две променливи за економски ресурси: приходи (во четири групи) и економски статус (вработени во јавен, приватен сектор, студенти, пензионери или невработени). За обемот на социјален капитал се користат индикатори за број на луѓе кои може да им помогнат (социјална мрежа) и број на луѓе на позиции во јавниот сектор (луѓе на позиции). Финално, како ресурс се смета и партиската припадност, со три вредности – не е член, поранешен член и сегашен член на партија.

**График 3 Проекција со економски и социјални ресурси**




Видливо е дека се издвојуваат три групи на граѓани. На десната половина од графикот се наоѓаат луѓе со низок обем на социјални и економски ресурси. Испитаниците се од неактивната група на граѓани (пензионери и невработени), не се членови на партии, имаат ниски приходи  и мал до среден обем на познанства. На левата страна се издвоени две групи. Во горниот лев агол се вработените во приватниот сектор. Тука е и групата со највисоки примања и висок обем на познанства. Во долниот агол се вработените во јавниот сектор. Кај нив е изразена партиската припадност, и најголемиот обем на познанства, додека пак приходите не се карактеристика на оваа група.

На оваа проекција, дополнително се додадени вредностите и перцепциите од претходната анализа (полни црни квадрати). Како што може да се види, вредностите и перцепциите во врска со корупцијата не може да се поврзат со определените социо-економски групи, што значи дека

тие се застапени релативно рамномерно низ сите. Оттука, во земјава нема изразен вредносен систем изграден врз база на различното искуство на социо-економските групи со корупцијата.

Сепак, може да се каже дека корупцијата е помалку активна кај неактивните граѓани односно граѓаните со помалку примања и неразвиени социјални мрежи. Ова е логично бидејќи тие се и најмалку изложени на интеракција со институциите. Оттука и помалку шанса тие да бидат принудени да се вклучат во корумптивна трансакција.

Меѓутоа, изложеноста на корупција е изразена кај 11% од испитаниците или 24% од оние што имале контакт со администрацијата. Тоа го прави феноменот широко распространет па оттука е веројатно дека и неактивните граѓани се изложени на корупцијата.

**График 4 Распространетост на изложеност на корупција низ социо-економски групи**




На графикот се презентирани испитаниците, распоредени на истиот начин како во претходната анализа – според социо-економските ресурси. На десната страна од координатниот систем се оние со низок обем на економски и социјални ресурси. На левата страна се оние со повеќе, горе се вработените од приватниот сектор а долу оние од јавниот сектор. Црвените линии се простираат до секој испитаник кој кажал дека бил изложен на корупција.

Како што може да се види, вакви испитаници има во сите делови од нацртаниот простор. Можеме да ги видиме и кај оние со ниски примања, и мал обем на познанства, но и кај оние што имаат поголеми приходи и социјални мрежи кои може да им помогнат да завршат определена работа.

# Заклучок

Анализата на податоците покажува дека во Северна Македонија е тешко да се профилираат испитаниците според изложеноста на корупција. За тоа постојат два показатели. Иако е видливо дека неактивните граѓани не се толку зафатени од корупција, сепак постои дел од нив кој е изложен. Вториот показател е дека штом се впуштите во зголемена општествена интеракција, изложеноста на корупцијата се зголемува.

И покрај овие ограничувања, истражувањето покажува дека имањето економски и социјални ресурси се асоцира со изложеноста на корупцијата. Во нашето општество, приходите и социјалните познанства се и таргет на коруптивно влијание, а оттука и шансата лесно да се трансформираат во коруптивни трансакции. Најнапред, зборуваме за експлоатирање на познаничките мрежи преку кои се разменуваат услуги, кој е доминантниот начин на коруптивни трансакции во земјата.

Од друга страна пак, комбинацијата на вредностите, довербата и перцепциите за коруптивно однесување во помал обем се асоцирани со изложеноста на корупцијата. Во таа смисла можеме само да зборуваме дека оние кои најмалку мислат дека корупцијата е распространета, или пак не ја препознаваат, во помал обем пријавиле изложеност на корупцијата. Оттука, изложеноста на корупцијата не е специфична состојба карактеристична за определена вредносна група.